| IV | | | | 23 | 24 | 25 | 26 |
| V | 27 | 28 | 29 | 30 | 31 | | |

**ФЕВРУАРИ**

| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I | | | | | | 1 | 2 |
| II | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| III | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 |
| IV | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 |
| V | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | | |

**МАРТ**

| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I | | | | | | 1 | 2 |
| II | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| III | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 |
| IV | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 |
| V | 24/ 31 | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 |

**АПРИЛ**

| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I | 31 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| II | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 |
| III | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 |
| IV | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 |
| V | 28 | 29 | 30 | | | | |

**МАЈ**

| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I | | | | 1 | 2 | 3 | 4 |
| II | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
| III | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 |
| IV | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 |
| V | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 | 31 | |

**ЈУНИ**

| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I | | | | | | | 1 |
| II | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| III | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 |
| IV | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 |
| V | 23/ 30 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 |

| ЛЕГЕНДА |
|---|
| **ПРАЗНИЦИ** |
| ЗИМСКИ РАСПУСТ |
| ЛЕТЕН РАСПУСТ |
| ПРОЛЕТЕН РАСПУСТ |

| | |
|---|---|
| 2 СЕПТЕМВРИ – ПОЧЕТОК НА УЧЕБНАТА ГОДИНА | 30/31 МАРТ - РАМАЗАН БАЈРАМ |
| 8/9 СЕПТЕМВРИ – ДЕН НА НЕЗАВИСНОСТА | 18 АПРИЛ – ВЕЛИКИ ПЕТОК |
| 11 ОКТОМВРИ - ДЕН НА НАРОДНОТО ВОСТАНИЕ | 21 АПРИЛ - ПРВ ДЕН ВЕЛИГДЕН |
| 23 ОКТОМВРИ - ДЕН НА МАКЕДОНСКАТА РЕВОЛУЦИОНЕРНА БОРБА | 1 МАЈ - ДЕН НА ТРУДОТ |
| 18 НОЕМВРИ – ПАТРОНАТ – 2024/2025 | 24 МАЈ - ДЕН НА СЕСЛОВЕНСКИТЕ ПРОСВЕТИТЕЛИ |
| 8 ДЕКЕМВРИ - СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ | 6 ЈУНИ - КУРБАН БАЈРАМ |
| 19 ЈАНУАРИ - ВОДИЦИ | 6 ЈУНИ - ДУХОВДЕН |
| ПРОЛЕТЕН РАСПУСТ | |

| | IX | X | XI | XII | I | II | III | IV | V | VI | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ПОНЕДЕЛНИК | 4 | 3 | 5 | 4 | 1 | 5 | 4 | 4 | 3 | 3 | 36 |
| ВТОРНИК | 4 | 4 | 5 | 4 | 1 | 5 | 4 | 4 | 4 | 2 | 37 |
| СРЕДА | 4 | 3 | 5 | 4 | 1 | 5 | 4 | 3 | 4 | 2 | 35 |
| ЧЕТВРТОК | 4 | 4 | 5 | 4 | 1 | 5 | 4 | 4 | 4 | 2 | 37 |
| ПЕТОК | 4 | 4 | 4 | 4 | 1 | 4 | 5 | 4 | 3 | 2 | 35 |
| | 20 | 18 | 24 | 20 | 5 | 24 | 21 | 19 | 18 | 11 | 180 |

## 8.2. Поделба на класно раководство, поделба на часовите на наставниот кадар, распоред на часовите

| Одд. | Одделенски раководства во одделенска настава | Одделенски раководства во предметна настава | |
|---|---|---|---|
| I-1 | Лидија Манева | VI-1 | Зорка Христова-Трајкова |
| I-2 | Олгица Стојанова | VI-2 | Лина Тегова-Тодоров |
| I-3 | Светлана Чапова | VI-3 | Билјана Наунов |
| I-4 | Шебнем Рустемова | VI-4 | Сања Тодорова |
| I-5 | Фиген Караелмазова | VI-5 | Февзи Салиов |
| I – с.Коџалија | Мемет Абдураманов | VI-6 | Хулија Али |
| II-1 | Елена Божинова | VI-7 | Марјана Илкова |
| II-2 | Валентина Лазарева | VII-1 | Томе Постолов |
| II-3 | Светлана Василева | VII-2 | Тања Коцева |
| II-4 | Емел Емин | VII-3 | Марјанчо Шарковски |
| II-5 | Фазли Алиов | VII-4 | Фенчо Петровски |
| II–с.Калаузлија | Јашар Сулиман | VII-5 | Шабан Дервишев |
| II- с.Коџалија | Вејис Шерифов | VII-6 | Виолета Бехлимова |
| III-1 | Билјана Соколова | VII-7 | |
| III-2 | Ванчо Горѓиев | VIII-1 | Марика Димитријева |
| III-3 | Билјана Ѓоргиева | VIII-2 | Соња Митева |
| III-4 | Ана Иванова-Тамаќарова | VIII-3 | Руменка Горѓиева |
| III-5 | Емел Мемишева | VIII-4 | Верица Спасова-Исаиловска |
| III-6 | Кемалетин Дестанов | VIII-5 | Дестан Дестанов |
| III-с.Калаузлија | Усеин Алиов | VIII-6 | Севгин Абдиев |
| III-с.Коџалија | Ибраим Алиов | IX-1 | Силвана Андонова |
| IV-1 | Лефтерка Депова | IX-2 | Јулија Ефтимова |
| IV-2 | Весна Костадинова | IX-3 | Татјана Ѓозева |
| IV-3 | Лујза Спасова | IX-4 | Коце Ангелов |
| IV-4 | Ремзи Абдураманов | IX-5 | Сердар Арифов |
| IV-5 | Сенем Еминова | IX-6 | Магдалена Коцева |
| IV- с.Калаузлија | Билент Зуберов | IX-7 | Билјана Иванова |
| IV- с.Коџалија | Селбије Зекир | | |
| V-1 | Орце Трајанов | | |
| V-2 | Весна Горгиева | | |
| V-3 | Сенка Бораниева-Ѓозева | | |
| V-4 | Мевљуда Асанова | | |
| V- с.Коџалија | Агим Арифов | | |
| Комбинирана паралелка I и V с. Калаузлија | Дилек Идриз | | |

## 8.3. Работа во смени

### РАСПОРЕД

### За времетраењето на училишните часови и одморите во ООУ „Крсте Петков Мисирков“ - Радовиш за учебната 2024/2025 година

Врз основа на Законот за основно образование, Статутот на училиштето и Куќниот ред, Распоредот и времетраењето на наставните часови и одморите се регулира на следниот начин:

**Централно**

**ПРЕДПЛАДНЕ**

| Час | Ѕвоно за ученици | Ѕвоно за час | Завршување на часот | Одмор |
|---|---|---|---|---|
| 1 час | 7:25 | 7:30 | 8:10 | 5 мин. |
| 2 час | 8:10 | 8:15 | 8:55 | 15 мин. |
| 3 час | 9:05 | 9:10 | 9:50 | 5 мин. |
| 4 час | 9:50 | 9:55 | 10:35 | 5 мин. |
| 5 час | 10:35 | 10:40 | 11:20 | 5 мин. |
| 6 час | 11:20 | 11:25 | 12:05 | 5мин |
| 7 час | 12:05 | 12:10 | 12:50 | / |

**ПОПЛАДНЕ**

| Час | Ѕвоно за ученици | Ѕвоно за час | Завршување на часот | Одмор |
|---|---|---|---|---|
| 1час | 13:10 | 13:15 | 13:55 | 5 мин. |
| 2 час | 13:55 | 14:00 | 14:40 | 15 мин. |
| 3 час | 14:50 | 14:55 | 15:35 | 5 мин. |
| 4 час | 15:35 | 15:40 | 16:20 | 5мин. |
| 5 час | 16:20 | 16:25 | 17:05 | 5мин. |
| 6 час | 17:05 | 17:10 | 17:50 | 5 мин. |
| 7 час | 17:50 | 17:55 | 18:35 | - |

**Коџалија**

**ПРЕДПЛАДНЕ**

| Час | Ѕвоно за ученици | Ѕвоно за час | Завршување на часот | Одмор |
|---|---|---|---|---|
| 1 час | 7:25 | 7:30 | 8:10 | 5 мин. |
| 2 час | 8:10 | 8:15 | 8:55 | 15 мин. |
| 3 час | 9:05 | 9:10 | 9:50 | 5 мин. |
| 4 час | 9:50 | 9:55 | 10:35 | 5 мин. |
| 5 час | 10:35 | 10:40 | 11:20 | 5 мин. |
| 6 час | 11:20 | 11:25 | 12:05 | 5мин |
| 7 час | 12:05 | 12:10 | 12:50 | / |

**ПОПЛАДНЕ**

| Час | Ѕвоно за ученици | Ѕвоно за час | Завршување на часот | Одмор |
|---|---|---|---|---|
| 1час | 13:10 | 13:15 | 13:55 | 5 мин. |
| 2 час | 13:55 | 14:00 | 14:40 | 15 мин. |
| 3 час | 14:50 | 14:55 | 15:35 | 5 мин. |
| 4 час | 15:35 | 15:40 | 16:20 | 5мин. |
| 5 час | 16:20 | 16:25 | 17:05 | 5мин. |
| 6 час | 17:05 | 17:10 | 17:50 | 5 мин. |
| 7 час | 17:50 | 17:55 | 18:35 | - |

**Калаузлија**

**ПРЕДПЛАДНЕ**

| Час | Ѕвоно за ученици | Ѕвоно за час | Завршување на часот | Одмор |
|---|---|---|---|---|
| 1 час | 7:25 | 7:30 | 8:10 | 5 мин. |
| 2 час | 8:10 | 8:15 | 8:55 | 15 мин. |
| 3 час | 9:05 | 9:10 | 9:50 | 5 мин. |
| 4 час | 9:50 | 9:55 | 10:35 | 5 мин. |
| 5 час | 10:35 | 10:40 | 11:20 | 5 мин. |
| 6 час | 11:20 | 11:25 | 12:05 | 5мин |
| 7 час | 12:05 | 12:10 | 12:50 | / |

**НАПОМЕНА:**

1. Секој наставник должен е да биде присутен 10 минути пред почетокот на наставните часови, а дежурните наставници 20 минути пред првиот час;
2. Секој наставник за време додека учениците ја подигнуваат и ја консумираат храната во училинцата-кабинетот е должен да остане со нив;
3. Изборната, настава, слободните активности, дополнителната и додатната настава се изведуваат секој работен ден по наставните часовите.

Август, 2024 год.

Директор,
Гордана Здравкоска

## 8.4. Јазик /јазици на кој/и се изведува наставата

| | Македонски јазик | Албански јазик | Турски јазик | Српски јазик | Босански јазик |
|---|---|---|---|---|---|
| **Број на паралелки** | 30 | | 31 | | |
| **Број на ученици** | 531 | | 518 | | |
| **Број на наставници** | 61 | | 28 | | |

## 8.5. Проширена програма

Проширната програма на основното училиште опфаќа: организирано прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнување на часовите во редовната настава и еден час по завршување на часовите во редовната настава, продолжен престој, дополнителна и додатна настава, како и воннаставни активности и вонучилишни активности, односно организирање на секции, клубови, екскурзии, натпревари, други активности кои училиштето ги организира надвор од наставната програма, како и активности на ученичката организација.

Основното училиште за учениците од прво, второ и трето одделение организира прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнување на часовите во редовната настава и еден час по завршување на часовите во редовната настава во согласност со родителот, односно старателот. Основното училиште за учениците од прво, второ и трето одделение  организира продолжен престој со учениците од иста паралелка, од исто одделение или од различни одделенија, по добиена согласност од Министерството. Во продолжен престој учениците се вклучуваат во согласност со родителот, односно старателот.

8.6. Комбинирани паралелки

Во училиштето има само една комбинирана паралелка и тоа комбинација на ученици од прво и петто одделение во с. Калаузлија каде наставата ја изведува Дилек Идриз со вкупно 7 ученика.

## 8.7. Странски јазици што се изучуваат во основното училиште

| | **Англиски јазик** | **Германски јазик** |
|---|---|---|
| **Број на паралелки** | 61 | 27 |
| **Број на ученици** | 1046 | 455 |

## 8.8. Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение

| Одд. | Одд.наставник | Наставник по физичко и здраствено обр. |
|---|---|---|
| I-1 | Лидија Манева | Лилјана Дамбова |
| I-2 | Олгица Стојанова | Лилјана Дамбова |
| I-3 | Светлана Чапова | Лилјана Дамбова |
| I-4 | Шебнем Рустемова | Лилјана Дамбова |
| I-5 | Фиген Караелмазова | Лилјана Дамбова |
| I – с.Коџалија | Мемет Абдураманов | |
| II-1 | Елена Божинова | Александар Коровин |
| II-2 | Валентина Лазарева | Александар Коровин |
| II-3 | Светлана Василева | |
| II-4 | Емел Емин | |
| II-5 | Фазли Алиов | |
| II– с.Калаузлија | Јашар Сулиман | |
| II- с.Коџалија | Вејис Шерифов | |
| III-1 | Билјана Соколова | Коце Ангелов |
| III-2 | Ванчо Горѓиев | Коце Ангелов |
| III-3 | Билјана Ѓоргиева | Коце Ангелов |
| III-4 | Ана Иванова-Тамаќарова | Коце Ангелов |
| III-5 | Емел Мемишева | Коце Ангелов |
| III-6 | Кемалетин Дестанов | Коце Ангелов |
| III-с.Калаузлија | Усеин Алиов | |
| III-с.Коџалија | Ибраим Алиов | |
| IV-1 | Лефтерка Депова | Александар Коровин |
| IV-2 | Весна Костадинова | Александар Коровин |
| IV-3 | Лујза Спасова | Александар Коровин |
| IV-4 | Ремзи Абдураманов | Александар Коровин |
| IV-5 | Сенем Еминова | Александар Коровин |
| IV- с.Калаузлија | Билент Зуберов | |
| IV- с.Коџалија | Селбије Зекир | |
| V-1 | Орце Трајанов | Александар Чаракчиев |
| V-2 | Весна Горгиева | Александар Чаракчиев |
| V-3 | Сенка Борaниева-Ѓозева | Дарко Милентијевиќ |
| V-4 | Мевљуда Асанова | Александар Чаракчиев |
| V- с.Коџалија | Агим Арифов | |
| Комбинирана паралелка I и V с. Калаузлија | Дилек Идриз | |

## 8.9. Изборна настава

Изборната настава претставува задолжителна настава, на која учениците сами избираат кој предмет сакаат да го учат.

Преку изборната настава на учениците им се дава можност да ги прошират, продлабочат и да ги развиваат своите индивидуални способности по одделни наставни предмети. Овој вид на настава е задолжителен, а учениците го следат согласно наставниот план и според тоа како ќе се изјаснат претходно во спроведената анкета. Изборот на предметот се одвива во согласност на насоките од Водичот за слободни изборни предмети во неколку етапи и тоа:

- Прибирање на податоци за понудени предмети од наставните планови и програми за деветгодишното основно образование (април)
- Подготвување на анкетни листови за ученици и родители (април)
- Информирање на родителите и учениците за понудените изборни предмети (мај)
- Спроведување на анкета кај учениците и родителите за определба за изборен предмет (мај)
- Обработка на податоците од анкетата (мај)
- Презентирање на обработените податоци на Наставничкиот Совет (јуни)
- Информирање на учениците и родителите за застапените изборни предмети (јуни)

На крајот на учебната 2023/2024 година се спроведоа анкети кај учениците за учебната 2024/2025 година. Според резултатите оваа учебна година ќе се изучуваат следните изборни предмети:

- Етика на религиите и Запознавање на религиите
- Театарот, уметност на емоции
- Нашата татковина
- Вештини на живеење
- Истражување на родниот крај
- Танци и народни ора
- Програмирање
- Унапредување на здравјето
- Филозофија

Целите, задачите и содржините на наставата по одделни изборни предмети се одредува со наставните програми, што секој наставник ги има во своите годишни распределенија, кои се во прилог на Годишната програма.

### 8.10. Дополнителна настава

Дополнителната настава се организира за ученици кои покажуваат континуирано слаби резултати во учењето, кои се соочуваат со повремени тешкотии, кои побавно напредуваат или заостануваат во усвојувањето на поедини содржини. Заостанувањето и тешкотиите во наставата може да се последица од повеќе причини и да се појавуваат во различни форми и во различни временски периоди. Затоа, соодветна помош во вид на дополнителна настава може да му биде потребна на секој ученик. Поради тоа за успешно организирање на дополнителната настава неопходно е целосно и континуирано следење и вреднување на успехот и напредокот на секој ученик, како и постојана контрола за неговите развојни особености и потреби, постигања и заостанувања, предности и слабости и друго.

Содржините за оваа настава се специфични за секој ученик и според индивидуалните потреби и карактеристики на ученикот ќе се применува индивидуална форма на работа, работа во групи, а може да се користи и заедничка работа со учениците од секоја од групите.

Реализацијата на дополнителната настава ќе се евидентира на посебни образци-Педагошка евиденција за дополнителна настава од БРО кои уредно ќе бидат заверени на крајот од учебната 2024/2025 година. До 20 септември ќе биде изработен распоред за дополнителна настава кој по донесувањето ќе биде дел од оваа годишна програма.

Организирањето и реализацијата ќе се одвива според изготвен распоред за секој предмет одделно, на месечно ниво и истиот ќе се објавува на огласната табла и на веб страната на училиштето.

*План за реализација на дополнителната настава во ПРИЛОГ БР.19*

Програмата според која ќе се одржува дополнителната настава секој наставник ја доставува во училиштето истата е истакната на огласна табла како распоред за дополнителна настава по месеци и истата е во прилог на Годишната програма.

### 8.11. Додатна настава

Додатна настава ќе се реализира со учениците кои постигнуваат посебно добри резултати по определени предмети. Нејзина цел е да ги прошири знаењата на учениците, унапредување на нивните способности, подготовка за учество на натпревари итн.

Организирањето и реализацијата ќе се одвива според изготвен распоред за секој предмет одделно, на месечно ниво и истиот ќе се објавува на огласната табла и на веб страната на училиштето. Нејзина основна цел е да обезбеди систематска работа со надарени и талентирани ученици во текот на целата година, нивно креативно ангажирање, унапредување на способностите, потесна професионална

ориентација, учество на натпревари итн. Оваа настава ќе се изведува во текот на наставната година со еден час неделно за учениците од второ до девето одделение.

Реализацијата на додатната настава се евидентира во обрасци –Педагошка евиденција за додатна настава од БРО и на крајот од учебната година ќе бидат уредно заверени

Програмата според која ќе се одржува додатната настава секој наставник ја доставува во училиштето, распоредот по месеци се истакнува на огласна табла и истата е во прилог на годишната програма.

*План за реализација на додатната настава во ПРИЛОГ БР.18*

## 8.12. Работа со надарени и талентирани ученици

Секој наставник, по потреба изработува идивидуална програма за работа со надарени и талентирани ученици, со време на реализација од септември до мај во текот на една училишна година во која ќе бидат вклучени предметите за кои ученикот покажува талент, целите во учењето, употребата на стратегии и дидактички материјали. Како одговорни лица се јавуваат одделенските и предметните наставници во соработка со педагошко-психолошката служба. Секој наставник индивидуално со употреба на разновидни начини и мерки за вреднување, со цел избирање на надарени деца на различна возраст и со различни способности треба да изработи диференцирани наставни планови кои видно се разликуваат од постојните базични планови кои се задолжителни за сите ученици. Тие содржат различни наставни предмети, различен број на часови и други активности кои се одредуваат во зависност од видот на надареноста и возраста на ученикот. Овие наставни планови и програми подразбираат повисоко научно-теоретско ниво на програмските содржини, специфичен и проширен обем на содржини, подготовка за училишни натпревари, поголема длабочина на суштината и разновидност на програмските содржини и висока меѓупредметна корелативна поврзаност на програмските содржини.

**Работа со надарени и талентирани ученици**

Знаењата и вештините можат да се научат, но талентот ученикот го носи во себе, а наставникот преку својата работа треба да го препознае и мотивира неговиот индивидуален развој, како и да го поддржи талентираниот ученик.

Надарените ученици се идентификуваат преку опсервација на наставникот на часот (анегдотски белешки, оцени, лична евиденција на секој наставник одделно, ученичко портфолио). Селекцијата на овие ученици се врши во соработка со наставникот, родител на ученикот и психологот преку идентификациони листи за логичко математичка, ликовна, јазична и музичка надареност.

Работата со надарени и талентирани ученици во нашето училиште се реализира преку

- Индивидуализација во наставата со учениците,
- Групна настава за учениците со приближно исти способности,
- Додатна настава
- Проектни активности,
- Слободни ученички активности,
- Организирање натпревари, конкурси и истражувачки активности,
- Организирање креативни работилници

За успешно да се идентификуваат и успешно да се организира работата во согласност со индивидуалните потреби на учениците, треба да се прави разлика меѓу надарен, талентиран и ученик со високи интелектуални способности.

Талентот е врзан за способноста во една потесна област (математика, физика, танц, музика) и всушност е диспозиција, која треба да се развива со упорна работа. Талентот не е само резултат на наследна еволуција (не се наследува талентот туку само диспозицијата за негово развивање) туку е резултат на многу работа и постојан развој на личноста.

Надареност претставува склоп на особини, врз основа на кои поединецот е способен трајно да постигнува исклучително високи резултати во едно или повеќе подрачја на човековата дејност. Овие ученици поседуваат таков склоп на особини или комбинација на способности за одреден вид дејност што им овозможува во континуитет да постигнуваат супериорни резултати во однос на другите ученици и се одликоуваат со висок степен на творештво.

Талентиран е ученик кој покажува извонредна дарба само во ограничено подрачје, се поврзува со високи интелектуални способности во еден домен. Надарен ученик е оној кој постигнува извонредно високи резултати на репродуктивно или продуктивно ниво во една или повеќе области.

Начин на откривање и работа со надарени и талентирани ученици

Откривањето на надарените и талентираните ученици во нашето училиште ќе се одвива преку следните фази

- Препознавање (забележување на иницијалните и потенцијалните знаци и сигнали на надареноста и талентираноста),
- Евидентирање (отварање / создавање на индивидуално педагошко портфолио за надарените и талентираните ученици)
- Идентификација (примена на психо-дијагностички инструменти)
- Информирање – воспитувачите, наставникот, родителите, соучениците, други заинтересирани лица надвор од училиштето)

- Изработување план за поддршка на развојот (дефинирање на систем на мерки и постапки за поттикнување на развојот во училиштето и надвор од него)

**Работа со надарените и талентираните ученици**

Следење на развојот на надарените и талентираните (примена на систем на мерки и механизми за следење на развојот на талентираните и надарените ученици). Препознавањето се состои во непосредна опсервација на однесувањето, начинот на работа и резултатите кои ги постигнуваат учениците во рамките на редовната настава и вонннаставните активности.Препознавањето е всушност воочување на одреден вид на однесување кое може да се интерпретира како сигнал за надареност.

1) Лична опсервација и искуство
2) Предлози од одделенскиот раководител
3) Забелешки од предметните наставници
4) Запознавање од страна на родителите
5) Известување од учениците
6) Пријавување од страна на соучениците
7) Сугестии од други стручни лица

Евидентирање на надарените и талентираните ученици започнува со избор на поширока група на ученици кои се претпоставува (од добиените информации од белешки на наставници, сугестии на родители и сл.) дека се надарени и талентирани и кои би можеле да се вклучат во понатамошна фаза на психолошко тестирање односно примена на соодветен психолошки инструментариум. При тоа би можело да се потврди или отфрли нивната потенцијална надареност и талентираност со примена на оценувачките скали кои ќе ги применуваат наставниците во однос на видот на нивната надареност.

Критериуми за евидентирање се

- Училишен успех – се земаат во предвид учениците со постигнат континуиран училишен успех до периодот на евидентирањето. Посебно треба да се внимава на учениците кои имаат постигнато повисок успех од стандардните знаења за тоа ниво и имаат при тоа континуитет.

- Забележителни достигнувања во поедини специфични подрачја – се почитуваат исклучителните достигнувања на учениците во поедини специфични подрачја на активност како што се математичко, ликовно, музичко, спортско и други подрачја како и други интересни сфери во наставните и вонннаставните активности.

- Мислење на наставниците – посебен акцент се става на учениците кои покажуваат знаци на надареност, но немаат континуиран одличен успех или забележителни резултати во едно или повеќе специфични подрачја. Во овој

контекст вниманието треба да се насочи кон учениците кои доаѓаат од социјално-депривираните средини и средини со пониско ниво на социо-културни услови и околности, а за кои имаат специфични училишни и потешкотии во однесувањето.

- Натпревари – посебен акцент се става на освоени регионални или државни награди кои учениците ги постигнале или континуирано ги постигнуваат по еден или повеќе наставни предмети и области.
- Хоби – во предвид се земаат достигнувањата во различни видови на активности кои за кои учениците имаат силен интерес и мотивација (моделарство)
- Мислење на стручните соработници – (педагог, психолог, социолог и други стручни профили) Стручните соработници треба да бидат внимателни и на учениците кои од различни причини не се вклучени врз основа на претходните критериуми. Се земаат во предвид резултатите од психолошкото тестирање кое го реализираат стручните соработници за различни цели ( предвремен упис, акцелерација и др.)
- Мислење на родителите – Во оваа фаза мислењето на родителите не се третира приоритетно од причини пред се на претпоставениот субјективен или пристрасен однос кон своето дете во однос на неговите сигнали и знаци на надареноста и талентираноста. Мислењето на родителите се зема како дополнителна информација која ја потврдува поставената стручна констатација на експертите.
- Идентификацијата – претставува динамичко дијагностичка процедура со која се утврдува видот и степенот на надареноста и талентираноста. Идентификацијата ќе се спроведе преку примена на психолошки тестови преку кои ќе се утврдува општата интелектуална способност и посебните способности на учениците.

Процесот на откривање на надарените и талентираните ученици во училиштето ќе го води стручниот тим за надарени ученици. Документацијата за процесната дијагностика ја води стручната служба (педагог-психолог). Со тоа би се извршила прелиминарна селекција на надарените и талентираните во училиштето според видот и степенот на надареноста, и препорака за нивно вклучување во соодветни образовни програми.

- Информирање – во оваа фаза се информираат воспитувачите, наставникот, одделенските наставници, родителите, другите заинтересирани лица надвор од училиштето

- Изработување план за поддршка на развојот (дефинирање на систем на мерки и постапки за поттикнување на развојот во училиштето и надвор од него

Работата со надарени и талентирани ученици се реализира преку

- Диференциран пристап во наставата
- Групна настав за учениците со приближно исти способности
- Додатна настава
- Проектни активности
- Слободни ученички активности
- Организирање натпревари, конкурси и истражувачки активности
- Организирање креативни работилници
- Акцелерација
- Следење на развојот на надарените и талентираните (примена на систем на мерки и механизми за скедење на развојот на надарените)

*План за работа со надарени и талентирани ученици во ПРИЛОГ БР.21*

Наставниците ќе работат континуирано, во текот на целата учебна година со надарените и талентираните ученици, мотивирајки ги со задавање на задачи и обврски за време на часовите, за домашна задача, вклучувајки ги во различни проекти кои одговараат на нивните интелектуални способности, интереси и потреби. Оваа група на ученици ќе се вклучат и во училишните, општинските, регионалните, државните, меѓународните натпревари и конкурси.

### 8.13. Работа со ученици со посебни образовни потреби

Задача на секој наставник е доколку забележи ученик со посебни образовни потреби да ја извести педагошко-психолошката служба, која одговорно се вклучува при работата со деца со пречки во развојот. Педагошко-психолошката служба е во тесна соработка со предметните, односно одделенските наставници на тие деца и континуирано се работи со нив. Програмата треба да биде поттикнувачка, советодавна и мотивирачка за учениците и да трпи промени во зависност од напредокот на ученикот.

Како и секоја учебна година, со учениците со ПОП ќе се работи по претходно изготвен акционен план, во коишто се вклучени Годишната програма за работа на инклузивниот тим, Процедурата за идентификација на деца со ПОП и изработка на Индивидуален образовен план. Кај секој ученик кај кој што ќе биде детектирана потреба за изработка на ИОП, наставниците, дефектологот и родителот на засегнатиот ученик ќе изработуваат ИОП-и за индивидуалните потреби и способности на учениците со ПОП. Овие планирања се составен дел од планирањата на наставникот. Во текот на оваа година ќе бидат ангажирани педагошки асистенти за потребите на учениците со ПОП врз основа на договорот

за соработка меѓу АВРМ и програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и општина Радовиш.

Улогата на училишниот инклузивен тим е да ги осмислува и да ги спроведува активностите на ниво на целото училиште и да води грижа да бидат усогласени и применувани во работата, а додека пак на инклузивните тимови за учениците главниот акцент на својата работа го ставаат на учениците со пречки во развојот, изготвувањето и реализирањето на нивните индивидуални образовни планови (Закон за основно образование, 2019)

Во училиштето има училишен инклузивен тим, кој се грижи за инклузивните политики и практики на ниво на целото училиште и инклузивен тим за ученик кој што работи по индивидуален образовен план (ИОП).

Според Законот за основно образование, училишниот инклузивен тим ги осмислува и спроведува активностите на ниво на целото училиште и води грижа тие да бидат усогласени и применувани во работата

Училишниот инклузивен тим е составен од:

| | |
|---|---|
| Членови на училишен инклузивен тим | 1. Гордана Здравкоска – директор<br>2. Игор Евтимов – дефектолог<br>3. Татјана Митева– психолог<br>4. Адриана Аџиева – замена на педагог<br>5. Зорка Христова Трајкова-наставник –ментор<br>6. Бранкица Јованова - родител |

- Училишниот тим има за задача:

- Да ја определи и да ја ревидира својата политика во поглед на обезбедувањето на образование на деца со пречки во развојот;
- Да изготви годишни и акциски програми за својата работа;
- Да ги објави пропишаните информации за својата политика и за обезбедените услови за учениците со пречки во развојот;
- Да поднесе годишни извештаи до родителите за мерките преземени во спроведувањето на училишната политика;
- Да прави усилби за обезбедување на посебните образовни услуги за децата со пречки во развојот;
- Да обезбеди соодветна обука за наставниците во чии одделенија се вклучени деца со пречки во развојот, со цел наставниците да се запознаат со посебните потреби на децата;
- Да ја потенцира важноста за препознавање на посебните потреби и обезбедување услуги соодветни на потребите;
- Вклучување на децата со посебни пречки во развојот без посебни потреби во училишните активности компатибилно со специјалните образовни услуги.

Во нашето училиште има одреден број на ученици со посебни образовни потреби а со тоа и се формираат повеќе инклузивни тимови за ученикИнклузивниот тим за ученикот е составен од:

1. Наставникот на ученикот со посебни образовни потреби;
2. Родителот на ученикот со посебни образовни потреби;
3. Педагогот, односно психологот во училиштето;
4. Специјалниот едукатор и рехабилитатор.

Според Законот за основно образование, инклузивниот тим за ученикот во фокусот на својата работа ги имаат конкретните ученици и изготвување и реализирање на нивните индивидуални образовни планови.

Во нашето училиште развиена е добра инклузивна пракса и политика која се применува и почитува. Имаме инклузирано ученици со најразлични посебни образовни потреби, кои се со потешки или полесни попречености или потешкотии, па во зависност од видот на ПОП за овие ученици во соработка со УИТ и ИТУ се изработуваат Индивидуални образовни планови (долгорочен, среднорочен, краткорочен) се применува и планира диференциран пристап кон работата,прилагодување на училницата и слично. Дефектологот преку својата годишна програма и работа има однапред испланирано кој период и на кои ученици ќе им дава помош и поддршка, ќе ги следи при работата. При изработката на ИОП-от на даден формулар јасно се дефинираат задачите и улогата на секој еден чинител на истиот, се поставуваат рокови и одговорни лица за реализација на ИОП-от.

*План за активности за работата со ученици со ПОП во ПРИЛОГ БР.11*

## 8.14. Туторска поддршка на учениците

Во досегашното работење немаше организирано туторска поддршка на учениците, но со последните измени во Законот за основно образование училиштето е подготвено да потпише договор со некој од педагошките универзитети и да ангажира студенти како тутори за оние ученици каде што ќе се детектира потреба од истотот, тековно ќе бидат назначени тутори и ќе биде изготвена програма за туторство по соодветниот предмет соодветно на дадените насоки од страна на МОН.

## 8.15. План на образовниот медијатор

Во досегашното работење немаше организирано образовен медијатор во училиштето.

## 9. ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

### 9.1.Училишни спортски клубови

Училишен спортски клуб

Врз основа на одредбите на Законот за здруженија и фондации на Р Северна Македонија, Законот за спорт и Законот за образование, како и Статутот и целите на своето дејствување, училишниот спортски клуб „Крсте П. Мисирков“ (во понатамошниот текст на Програмата со назив: УСК), ќе реализира активности од областа на спортот и спортските активности во ООУ „Крсте П. Мисирков“ од Радовиш, според афинитетите на учениците и условите за реализација на истите.

За остварување на задачите и целите кои произлегуваат од Програмата за работа на УСК, потребно е ангажирање пред се на стручниот кадар во училиштето, раководните структури и родителите на учениците како и други релевантни фактори во општината.

**АКТИВНОСТИ :**

**СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ**

Во рамките на реализацијата на спортските активности и што помасовно опфаќање на учениците кои сакаат да се занимаваат со спорт, во УСК работи „Школа за кошарка“ (а во зависност од интересот на учениците може да бидат опфатени и други спортовиво) во која се опфатени момчиња и девојчиња од I(прво) до IX(девето) од основните училишта во општината. Преку редовните тренинзи, учениците ќе ги откриват своите спортски афинитети и талент, кои преку стручна и континуирана работа и тренинзи ќе се развиваат во идни спортисти и натпреварувачи и потенцијални репрезентативци во националните спортски селекции на Република Македонија.

**НАТПРЕВАРУВАЧКИ АКТИВНОСТИ**

Покрај редовните тренинзи, Школата за кошарка при УСК ќе има и натпреварувачки активности со учество на училишни натпревари организирани од соодветните училишните спортски асоцијации. Со учеството и настапите на натпревари, младите спортисти ќе го стекнуваат потребното натпреварувачко искуство за што поголем развој како спортисти и натпреварувачи.

Екипите од школата за кошарка на клубот ќе земат учество на натпревари на локално ниво кои ќе ги организира клубот, општинскиот сојуз и локалната самоуправа, потоа на регионално ниво и државно ниво во организација на соодветните државни спортски федерации, како и на меѓународно ниво во рамките на соработката со училишни спортски клубови и друштва од други земји.

Во училиштето на учениците им се на располагање и им се нудат следниве училишни спортови: кошарка, ракомет, фудбал, одбојка и атлетика. Одговорните наставници ќе изработат програми за работа, постојано ќе ги подготвуваат учениците за учество на спортски настани, турнири, натпревари и слични настани.



**Државно првенство во атлетика – 2023год.**




**Регионално првенство во одбојка – Радовиш 2023 г.**

Програма за работа на училишен спортски клуб прилог бр.17

**9.2.Ученички акции**

План за организирање на ученички акции

Во училиштето се организираат базари, хепенинзи, хуманитарни настани, обележување на празниците според календарот, со јасно дефинирани содржини, време на реализација и задолжени за реализација и супервизија во која задолжително има претставници од Советот на родители.

| Акции | Содржина | Време на реализација | Лице задолжено за реализација | Опфатеност на ученици | Потребни средства, материјали и извори | Тим за следење |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Базари | *Организирање базари по повод Нова година, 8 март | Декември, март | наставници | 6 - 9 одд. | Сопствени средства | Претставник од Совет на родители, наставници, стручни соработници, директор |
| Хепенинзи | *Ликовен хепенинг по повод Патрониот празник *Ликовен хепенинг во рамни на проектот МИО | Ноември Во текот на учебната година | Илија Милчов, Одд. наставници | 1 – 9 одд. | Сопствени средства | наставници |
| Еколошки акции | Активност по повод *Светски ден на планетата Земја, Денот на пролетта *Активности во соработка со општината *Уредување на непосредната околина на училиштето (еколошки акции, кампањи, еколошки патроли) | 22 април 22 март | Еко секција, наставници | 1 – 9 одд. | Сопствени средства | Стручни соработници, наставници, родители |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Хуманитарни акции | -Денот на гладот<br>-Хуманитарна новогодишна акција на ниво на училиштето<br>-акции за собирање книги (збогатување на библиотечен гонд)<br>-други хуманитарни акции доколку се создаде потреба | 16 октомври<br>Декември<br>Во текот на учебната година | Елена Божинова и Герче Митев, наставници,стручни соработници, членови на Совет на родители | 1 – 9 одд. | Совет на родители | Претставник од Совет на родители, стручни соработници |

## 10. УЧЕНИЧКО ОРГАНИЗИРАЊЕ И УЧЕСТВО

Заедницата на паралелката ја сочинуваат сите ученици во паралелката.Секоја заедница избира претседател, заменик претседател, постојани тела и повремени тела. Работата на заедницата на паралелката ја води претседателот на одделението. Претседателот е должен да свика минимум еден состанок во месецот на кој ќе се разгледуваат тековните проблеми и потребите на учениците од одделението, ќе се разговара за текот на спроведувањето на активностите и ќе се договараат идни активности во согласност со потребите на учениците. На првиот состанок се изготвува план за работа кој се однесува на периодот од една учебна година.Ученичкиот парламент е формална институција загарантирана со закон, која им овозможува на учениците демократски начин на здружување со цел да ги застапуваат интересите на сите ученици во училиштето, како и учество на учениците во донесувањето одлуки кои директно влијаат врз нив.Ученичкиот парламент го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелките. На првиот состанок се бира претседател и заменик претседател на ученичкиот парламент.

Процесот на колективно одлучување подразбира дека мислењето на секој ученик мора да влијае на конечната одлука. Кога се изкажува сопственото мислење, треба да се има предвид дека и другите го имаат тоа право. Секој ученик кој очекува неговото мислење да биде сослушано и почитувано, мора да го стори истото во однос на другите. Учество во процесот на донесување одлуки не значи дека мислењето мора нужно да влијае на конечната одлука. Процесот на заедничко одлучување подразбира размена и соработка преку активно слушање, ценење и почитување, а не односот помеѓу победниците и губитниците.

За поуспешна работа на Ученичкиот парламент изработена е Годишна програма за работа распределена по месеци за цела учебна година. Како коррдинатор на работата на учениците од Ученичкиот парламент во смисла на давање насоки и помош е задолжен психологот на училиштето Татјана Митева.

*Програма за работа на Ученичкиот парламент Прилог бр.13*

**Работа на ученички правобранител за учебната 2024/2025 г.**

Ученичкиот правобранител е ученик кој се избира од страна на Ученичкиот парламент за да ги промовира и штити правата на учениците, да препознава повреда на детските права во рамките на училиштето и да ги пријави сите случаи на повреда до надлежните служби во и вон училиштето. Задачата на ученикот правобранител за промовирање на детските права ќе се реализира преку различни активности (едукативни работилници, дебати и сл.). Реализацијата на овие активности ќе биде потпомогната од страна на стручната служба во училиштето. Втората задача на правобранителот е поддршка за заштита на детските права и информирање на учениците во училиштето. Ученикот правобранител препознава прекршување на детските права и собира поплаки од учениците. Понатаму, правобранителот ги доставува поплаките до стручната служба за натамошно решавање. Ученикот правобранител има редовни месечни состаноци со стручната служба на училиштето. Правобранителот редовно учествува во работата на Училишниот парламент.
Програма за работа на ученички правобранител за учебната 2024/2025 г.Прилог бр.14

Подмладок на Црвениот Крст
Друштвото на Подмладокот на Црвениот крст има своја важност и задачи кое како здравствена и социјална
организација во основните училишта треба:

- да ги запознава учениците со целите и задачите на Црвениот крст;
- да ги оспособува учениците за земање активно учество во реализација на различни акции и програми;
- да го подигне нивото на здравствена култура и да ги оспособува учениците да се грижат и да го унапредат своето
- здравје;
- да развива смисла за меѓусебна помош, солидарност, пријателство како и разбирање меѓу луѓето на национален и
- интернационален план без оглед на национална и расна припадност;
- организирање на хуманитарни акции

**Активности во Детската организација**

Во активностите на Детската организација предвидени се подолготрајни и периодични активности кои ќе се реализираат согласно Програмата и Акциониот план. Активно учество ќе земат учениците, наставниците, родителите, општината и соработници надвор од училиштето. Времето за реализација на секоја планирана активност се содржи во Акциониот план, а се однесува за период од септември до јуни во учебната 2024/2025 година.

## 11. ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ

### 11.1 Екскурзии,излети и настава во природа

Со Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2024/25год. е регулирана активноста: организирање на екскурзии со воспитно-образовен карактер, чија цел е кај учениците за изучување и истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот, развивање интерес за природата и градење еколошки навики, запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви, градење чувство за патриотизам, толеранција и соживот, развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности, социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе.

Тим за изработка на програмата за екскурзиите се:
III одделение - Стручен актив на трето одделение
V одделение-Стручен актив на петто одделение
VI одделение - Стручен актив шесто одделение
IX одделение - Стручен актив на деветто одделение
Одговорни наставници за еднодневните излети во природа се сите одделенски наставници
Настава во природа –тим за изработка на програмата се стручниот актив на петто одееление.
-Во оваа учебна година планирани се две еднодневни рекреативни излети за учениците од I – IX одделение – есенскки и пролетен ден
-За проширување и продлабочување на знаењата на учениците ќе се организираат наставни екскурзии низ Македонија кои се во функција на наставата со учениците од III, V, и VI и IX одделение согласно Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии.

III одделение –еднодневна екскурзија
V одделение –еднодневна екскурзија,настава во природа ,пет работни денови
VI одделение-дводневна екскурзија
IX одделение –тридневна екскурзија

настава во природа за учениците од V одделение, дводневна екскурзија за учениците од VI одделение

## 11.2 Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишни активности

III одделение -139 ученика
V одделение -107 ученика
VI одделение 122 ученика
IX одделение 118 ученика

## 12. НАТПРЕВАРИ НА УЧЕНИЦИТЕ

Натпреварите имаат значајна улога во развојот на личноста на ученикот .Учениците од нашето училиште ќе учествуваат на
ученичките натпревари кои ќе бидат организирани од страна на општината, градот, други училишта, невладини организации како и во рамките на самото училиште, тековно од страна на наставниците како ментори. Учеството на натпреварите е според афинитетот и способностите на ученикот. Ученичките натпревари влијаат врз зголемување на интересот на учениците кон слободните активности, придонесуваат да се развива натпреварувачки дух, да се зближуваат учениците од разни средини. Преку нив се развива и се продлабочува интересот на учениците, се воспоставува активен однос кон наставата, се продлабочуваат и се прошируваат ученичките знаења.



**Државен натпревар по македонски јазик- Нашето училиште домаќин**

Во текот на учебната година во рамките на додатната настава наставниците ќе ги подготвуваат заинтересираните ученици за учество на сите општински, регионални, државни и меѓународни ученички натпревари. Училиштето ќе ги организира сите училишни натпревари предвидени во програмата на стручните активи. *Програмата е дадена во ПРИЛОГ БР.20*

## 13. УНАПРЕДУВАЊЕ НА МУЛТИКУЛТУРАЛИЗМОТ / ИНТЕРКУЛТУРАЛИЗМОТ И МЕЃУЕТНИЧКАТА ИНТЕГРАЦИЈА

Во училиштето наставата се одвива на македонски јазик и турски јазик, но побројни се Македонците. Но, тоа не не спречува да соработуваме со други училишта со различен ентитет од нашиот, како би разменувале позитивни практики и би биле промотори на редот, мирот, сожителството, културното наследство традицијата затоа што сме свесни дека не сме само едни и единствени на просторот во кој живееме и работиме. Ние сме потполно свесни дека треба да научиме да бидеме сите едно - сплотени, обединети и така треба да ги учиме нашите ученици и идни генерации.

Во нашето училиште мултикултурализмот е застапен во наставните содржини во редовна настава, во содржините од програмата „Животни вештини“ како и во програмата за Час на одделенска заедница. Активностите за меѓуетничка интеграција на младите во образованието како трајни вредности ќе се реализираат самостојно и со партнерското училиште, како и содржини на таа тема ќе бидат застапени при реализација на наставните предмети во учебната 2024/2025 година. Училишниот тим одговорен за оваа компонента, изготви План за реализација на меѓуетничка интеграција на младите во образованието во редовната, воннаставните и вонучилишните активности, со цел меѓусебно запознавање, развивање на почит и однос кон различностите. Исто така училиштето соработува со друго училиште од регионот и ќе се реализираат активностите со ученици и наставници.

*Планот е даден во ПРИЛОГ БР.22*

## 14. ПРОЕКТИ КОИ СЕ РЕАЛИЗИРААТ ВО УЧИЛИШТЕТО

„ Инклузија на деца со посебни образовни потреби“ Детска фондација Песталоци

„Меѓуетничка интеграциија во образованието“ интегриран во наставните програми по сите предмети

## 15. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИ

- **Постигнување на учениците**

Постигањата на учениците за учебната 2023/24 година можеме да кажеме дека се на задоволително ниво. Просекот на постигањата на учениците кои учат на македонски наставен јазик изнесува 4.4 , додека на учениците кои учат на турски наставен јазик изнесува 3.4.

| Учебна 2023/2024 за учениците на македонски наставен јазик | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Одд | Средна оцена | Мкдонски ј. | Математика | Англиски | Германски | Ликовно | Музичко | Природни науки | Техничко образование | Работа со компјутери | Информатика | Општество | Географија | Историја | Етика | Граѓанско образование | Биологија | Физика | Хемија | Иновации | ФЗО | слободен изборен1 | Слободен изборен 2 |
| IV | 4.7 | 4.6 | 4.6 | 4.7 | | 4.8 | 4.8 | 4.6 | 4.7 | | | 4.5 | | | | | | | | | 4.8 | 4.8 | 4.8 |
| V | 4.7 | 4.5 | 4.6 | 4.9 | | 4.8 | 4.9 | 4.4 | 4.6 | | | 4.6 | | | | | | | | | 4.9 | 5.0 | 5.0 |
| VI | 4.4 | 4.3 | 4.3 | 4.2 | 4.5 | 5.0 | 4.8 | 4.4 | 4.1 | | 4.0 | | 4.2 | 4.1 | | 4.6 | | | | | 4.8 | 4.5 | 4.5 |
| VII | 4.3 | 4.0 | 4.4 | 4.1 | 4.1 | 4.5 | 4.5 | | | | 4.3 | | 4.1 | 4.4 | 4.4 | | 4.1 | | | | 4.9 | 4.8 | |
| VIII | 3.9 | 4.2 | 3.6 | 4.2 | 4.1 | 4.2 | 4.1 | | | | | | 3.9 | 3.8 | | 4.0 | 3.6 | 3.7 | 3.8 | | 4.8 | 4.9 | |
| IX | 4.5 | 4.5 | 4.3 | 4.5 | 4.3 | 4.7 | 4.9 | | | | | | 4.2 | 4.5 | | 4.6 | 4.7 | 4.5 | 4.4 | 4.8 | 5.0 | 5.0 | |
| Просек по предмет | | 4.4 | 4.3 | 4.4 | 4.3 | 4.7 | 4.7 | 4.5 | 4.5 | | 4.2 | 4.6 | 4.1 | 4.2 | 4.4 | 4.4 | 4.1 | 4.1 | 4.1 | 4.8 | 4.9 | 4.8 | 4.8 |
| **СРЕДЕН УСПЕХ- 4.4** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

| Учебна 2023/2024 за учениците на турски наставен јазик | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Одд | Средна оцена | Македонски јазик | турски јазик | Математика | Англиски | Германски | Ликовно | Музичко | Природни науки | Техничко образование | Историја и општество | Информатика | Иновации | Географија | Историја | Етика | Граѓанско образование | Биологија | Физика | Хемија | ФЗО | Изборен предмет 1 | Изборен предмет 2 |
| **IV** | **3.9** | 3.5 | 3.9 | 3.6 | 4.0 | | 4.1 | 4.0 | 4.0 | 4.1 | 3.8 | | | | | | | | | | 4.5 | 4.0 | 3.8 |
| **V** | **3.5** | 2.7 | 3.2 | 3.0 | 3.3 | | 4.1 | 3.7 | 2.9 | 3.7 | 3.2 | | | | | | | | | | 4.7 | 3.9 | 3.8 |
| **VI** | **2.6** | 2.5 | 2.6 | 2.5 | 1.9 | 2.6 | 3.5 | 2.4 | 2.8 | 2.1 | | 2.1 | | 2.9 | 2.4 | | 2.4 | | | | 2.8 | 3.0 | 3.0 |
| **VII** | **2.8** | 2.2 | 2.8 | 2.4 | 2.4 | 3.0 | 2.6 | 2.2 | | | | 2.3 | | 2.7 | 2.8 | 2.8 | | 2.8 | | | 4.0 | 3.5 | |
| **VIII** | **3.4** | 3.2 | 3.8 | 2.7 | 3.4 | 3.8 | 3.4 | 2.5 | | | | | | 2.8 | 3.4 | | 3.6 | 3.4 | 3.3 | 3.3 | 4.4 | 3.9 | |
| **IX** | **3.4** | 3.1 | 3.9 | 3.1 | 2.9 | 3.9 | 3.4 | 3.0 | | | | | 3.2 | 2.5 | 3.7 | | 3.4 | 2.7 | 3.2 | 3.2 | 4.9 | 4.3 | |
| Просек по предмет | | **2.9** | **3.4** | **2.9** | **3.0** | **3.3** | **3.5** | **3.0** | **3.2** | **3.3** | **3.5** | **2.2** | **3.2** | **2.7** | **3.0** | **2.8** | **3.1** | **3.0** | **3.3** | **3.3** | **4.2** | **3.8** | **3.1** |
| **СРЕДЕН УСПЕХ- 3.3** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

Нашето училиште е училиште кое секогаш во фокусот на своето внимание го има ученикот како најважен субјект во воспитно-образовната работа. Во таа насока и сите активности кои се преземаат се со цел содржините да бидат прилагодени на индивидуалните потреби на секој ученик земајќи го во предвид неговиот потенцијал и можности. Соодветно училиштето врши анализа на потребите на учениците а секако и на наставниците преку водење на соодветна педагошка документација, споредбени согледувања во однос на претходните учебни години, со цел максимално искористување на потенцијалите на учениците. Соодветно на кажаното овде спаѓа и идентификација на надарените ученици , како и на учениците со посебни образовни потреби. Секој наставник

зависно од потребата во своите планирања изготвува соодветни програми за ваквите ученици. Исто така наставниците во реализација на наставата користат разни форми, методи, техники кои придонесуваат за зголемување на постигањата на учениците, меѓутоа и нивна поддршка.
*Прилог бр. 24. План за поддршка на учениците и за подобрување на резултатите*

**Професионална ориентација на учениците**

На полето на професионалната ориентација на учениците се работи континуирано во текот на целото нивно основно образование. Во соработка со локалната заедница, како и во соработка со родителите на учениците од најрана возраст на основното образование се запознаваат со професии, струки и занимања, со цел да се поттикнат за избор на идната професија.
Училиштето планира и презема конкретни активности за професионална ориентација на учениците. Целта на сите активности е навремено и правилно професионално информирање и ориентирање на учениците, со кои учениците ќе се запознаат со можностите кои ги нудат средните училишта, со структурите и занимањата, да се информираат за условите и критериумите за упис во средно училиште, откривање на интереси и желби на учениците за продолжување на образованието, давање помош за правилен избор на струка и занимање.
Се остваруваат индивидуални и групни разговори со учениците за нивните професионални интереси за правилен избор на струки и занимања, добивање на информации за изготвување на CV , мотивационо писмо и план за развој на кариера за учениците и др. Активности поврзани со кариерното советување на учениците.
Се организираат и презентации за занимања од државните и приватните средни училишта од градот а и околните општини преку кои учениците се запознаваат со условите и критериумите за упис во средно училиште.
Според Законот за основно образование и Годишната програма за работа на училиштето, изготвена е програма за Професионална ориентација. Основното образование, како комплексна, перманентна и општествено организирана дејност, му помага на поединецот во избирањето на професијата и занимањето, а потребите налагаат професионалната ориентација да биде присутна од почетокот на образованието на учениците.
Тим за професионална ориентација:
Психолог - Татјана Митева
Наставник – Татјана Ѓозева
Дефектолог – Игор Евтимов

*Прилог бр. 25 План за професионална ориентација на учениците*

**Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација**

Нашето училиште се залага да биде училиште каде што сите негови чинители ќе се чувствуваат безбедни, среќни, добредојдени, ќе може да учат и да се надоградуваат на образовно-воспитен план.

Во училиштето има формирано тим за ненасилно однесување и истиот има изготвено програма за превенција на насилно однесување чија цел е намалување на асоцијалното и насилното однесување кај учениците преку индивидуални и групни активности. Училиштето остварува соработка со релевантни институции како што се МВР- Радовиш, Центарот за социјална работа-Радовиш, невладини организации, ресурни центри и заеднички спроведуваме едукативни работилници за учениците. Стручните соработници и наставниците остваруваат советодавна работа со учениците жртви на насилно однесување и учениците кои манифестираат насилно однесување како и со нивните родители, со цел надминување на ваквите појави.

Во соработка со релевантни институции во поблиска и подалечна околина се спроведуваат активности во училиштето во кои учествуваат родителите, учениците и наставниците со цел да се придонесе за намалување на сите форми на насилство. Училиштето има изработено постапка за пријавување и заштита на ученик-жртва на било која форма на насилство, злоупотреба, занемарување и дискриминација.

*Во прилог бр. 26 План за превенција од насилно однесување.*

Дел од програмите за превенција се однесуваат на следниве теми:

- врсничко насилство;
- болести на зависност;
- асоцијално однесување;
- ментално здравје.

## 16. ОЦЕНУВАЊЕ

### 16.1. Видови оценување и календар на оценувањето

Оценување за учење е секое оценување чиј приоритет во неговиот концепт и практика е да и служи на целта на промовирање на учењето на учениците. Оценувањето, поучувањето и учењето се меѓусебно поврзани делови на наставниот процес. Оценувањето на учениците се врши според критериуми и стандарди утврдени од страна на Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието. Согласно концепцијата за деветгодишно образование учениците се оценуваат описно и бројчано во три периоди: Во првиот период се опфатени ученици од I-III одделение и се оценуваат описно. Со описното оценување се дава приказ на постигањата на учениците по предмети и опис на социјализацијата и развојот на детето.

Во вториот период се опфатени ученици од IV-VI одделение и се оценуваат описно и бројчано. На крајот од првото, второто и третото тримесечје добиваат описни оценки, а на крајот од учебната година добиваат нумерички оценки се со цел полесно адаптирање кон преминот во третиот период на деветгодишното образование.

Во третиот период се опфатени ученици од VII-IX одделение и се оценуваат само со нумерички оценки. Предмет на оценување е напредувањето на ученикот во постигнувањето на воспитно – образовните цели под влијание на наставниот процес и другите воспитно – образовни активности, утврдени со планот и оваа програма, односно определување на вредноста на неговите постигања.

При определување на оценка ќе се земат предвид обемот и квалитетот на усвоените знаења, работните навики, оспособеноста за примена на знаењата и развојот на способностите на ученикот. Ќе се следи, проверува и ќе се оценува оспособеноста за практична примена на знаењето во нови ситуации, ќе се испитуваат способностите, интересите, ставовите и други црти на личноста на ученикот. Ќе се посвети внимание на вистинското следење на целокупниот развој на личноста на ученикот.

Оценувањето, пред се ќе има за цел да ги подобри учењето и постигнувањето на учениците. Тоа поаѓа од целите на оваа програма и ќе ги зема во предвид начините на учење и поучување, учениците однапред ќе бидат запознаени со тоа што се очекува да го научат и она што ќе биде оценувано. На учениците ќе им се објасни зошто се проверуваат и оценуваат нивните постигнувања и како добиените резултати ќе се користат.

Во наставата централно место ќе има следењето на учењето на ученикот и формативното оценување. Процесот на проценка и бодирање на постигањата на учениците ќе биде соодветен на методот на оценување и ќе се спроведува според воспоставени процедури иупатства. Учениците, исто така, ќе бидат соодветно информирани за начинот на кој ќе се бодираат нивните одговори при оценувањето на постигањата. Информирањата за сознанијата од оценувањето ќе бидат навремени, јасни, точни и употребливи за заинтересираните субјекти и институции.

Оценувањето треба да обезбеди целосни информации за постигањата на учениците, па затоа е континуиран процес и е составен дел од наставниот процес на учењето и поучувањето и ќе се базира на користење на повеќе различни методи и техники.

Во учебната 2024/2025 година ќе се обрне посебно внимание на прилагодувањето и социјализацијата на учениците од прво и шесто одделение.

Следењето и вреднувањето на постигањата на учениците од I-III одделение ќе се реализира преку формативно, микросумативно и сумативно оценување. Ќе се прибираат податоци и показатели за нивните активности преку: портфолио, говорни и писмени вежби, ќе се согледуваат предходни знаења, искуства и вештини,

учениците ќе се следат и преку работни листови по тежински нивоа, евиденциони чек листи, континуирано ќе се следи ученикот, како и неговата ангажираност и посветеност во работата, неговата редовност, залагање, соработка и помагање на другите ученици, ќе се прибираат податоци за неговите активности и со листови за самопроценка. Во паралелките од прво до трето одделение учениците перманентно ќе се следат и ќе се води документација за нивните постигања. Исто така ќе се изработува ученичко портфолио како документација и основа за описно оценување.

И оваа учебна година во оценувањето на постигањата на учениците ќе се применуваат стандардите и критериумите за оценување и разновидност на методи и инструменти во следењето и оценувањето, со цел континуирано подобрување на квалитетот. Преку оценувањето се добива слика за напредокот и постигањата на учениците во изучувањето на наставните програми за основните училишта во одреден период. Наставниците користат информации за да го идентификуваат тековниот напредок во учењето како и да овозможат соодветна поддршка во понатамошното учење и подучување. За оценувањето на учениците се собираат информации за секое дете, за напредокот во училиштето и истото се однесува на секојдневните интеракции меѓу наставникот и секое дете поединечно со вклучување на повремени разговори, набљудувања и делувања.
За таа цел начините со кои ќе ги оцениме треба да бидат разновидни и тоа:

- Усно оценување (базирано на стандардите за оценување и Блумовата таксономија);
- Писмено оценување (преку објективни тестови);
- Формативно оценување (за време на самите часови);
- Сумативно оценување (на полугодие и на крајот на годината).

**Бројчаната оценка се утврдува на следниот начин:**

- Оценка **доволен два (2)** - знаењата на ученикот се однесуваат на запомнување и репродуцирање, ученикот треба да препознава од понуденото, да дефинира, да репродуцира факти, да набројува, да именува одредени поими и да го применува знаењето во наједноставни задачи.
- Оценка **добар три (3)** - знаењата на ученикот се однесуваат на разбирање и сфаќање, ученикот е исполнителен во извршување на активностите за време на часовите, способен е да интерпретира факти, да споредува и набројува, да препознава поими и факти и да го применува знаењето во едноставни задачи.
- Оценка **многу добар четири (4)** - знаењата на ученикот се однесуваат на примена на задачи од познати и нови елементи, ученикот може да анализира факти и практично да ги применува знаењата, логички да размислува и да има свое мислење, да е постојано активен, исполнителен, редовен во учењето и обврските, да толкува, споредува, да ги разложува и илустрира со конкретни примери стекнатите знаења.
- Оценка **одличен пет (5)** - знаењата на ученикот се однесуваат на анализа, синтеза и вреднување, ученикот може да ги применува знаењата за решавање на знаења со познати и нови елементи, да е способен за логично

размислување и практично применување на факти, да има изградено сопствени ставови, да е способен да систематизира и генерализира, да истражува и ги применува знаењата, да е способен да ја поврзува теоријата со практиката, да користи дополнителни извори, да поставува и одговара на прашања на разни теми.

**УСНО ОЦЕНУВАЊЕ**

Определувањето на бројчаната оценка треба да гиима во предвид постигнувањата на ученикот во однос на **запомнување и репродуцирање** на наставните содржини, **разбирање и сфаќање** на обработените содржини, односно способност на ученикот нив да ги интерпретира со свои зборови, **примена** на научените содржини во **конкретни задачи со познати и нови елементи**, како и повисоките интелектуални способности на **анализа, синтеза и вреднување,** што подразбираат способност на ученикот за средување, комбинирање елементи во нови целини и способност за вреднување на оправданоста или наученоста на некое тврдење или дело.

**ПИСМЕНО ОЦЕНУВАЊЕ:**

После секоја тематска целина се проверува степенот на стекнати знаења преку објективни тестови кои се направени по нивоа (прашања од сите 4 скалила според Блумовата таксономија, прашања со заокружување, со дополнување, со поврзување, со објаснување, со решавање и др.). За таа цел бодирањето е на следниот начин: од 30% до 50% успешност на реализираност на тестот следи оцена два (2), од 50% до 70% следи оцена три (3), од 70% до 85% оцена четири (4) и од 85% до 100% оцена пет (5)**.**

**ФОРМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ:**

Формативното оценување е процес кој се реализира на самите часови преку кој учениците и наставниците го согледуваат степенот на согледување на материјата, проблемите со кои се соочуваат, што треба да изменат и каде треба да се концентрираат повеќе за што поуспешно совладување на споменатото градиво.

**СУМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ:**

Следи како резултат на сите горе споменати форми на оценување и се врши на крајот на првото полугодие и на крајот на учебната година.

Оваа учебна година училиштето ќе го подобри оценувањето на постигањата на учениците со посебен осврт кон:

-постојано подигање на свеста кај наставниците за објективно оценување (преку посета на семинари и одржување на состаноци на стручниот актив);

-примена на етичноста, кодексите за оценување на постигањата на учениците и запознавање на учениците со целите на наставната програма и критериумите за оценување;

-обезбедување на информации на учениците и нивните родители за напредокот во совладувањето на знаењата и постигањата (преку планираните родителски средби, индивидуални средби со наставниците, електронскиот дневник...);

-примена на разновидни методи и инструменти за оценување, како и примена на новостекнатите знаења за формативно и сумативно оценување од посетените семинари;

-примена на критериумите и стандардите за оценување.

• Училиштето планирано ќе ги спроведува тестирањата и писмените работи со цел да се спречи преоптовареноста на учениците посебно пред крајот на квалификационите периоди кога се сумираат оценките-тримесечија, прво полугодие и крај на учебна година.

• Училиштето ќе го подобрува квалитетот на оценувањето со различни активности за следење на успехот, различни методи и постапки, односно постојано информирање на учениците и нивните родители за постигањата и оценките.

• Училиштето, во своите можности ќе обезбедува материјално-технички услови за спроведување на оценувањето - хартија, копирање, компјутери, пристап до ИНТЕРНЕТ, печатачи и слично.

• Оценувањето ќе се евидентира во секојдневните инструменти и белешки на наставникот, портфолија, дневникот на паралелката, електронскиот дневник, еведентни листови, свидетелство и главна книга.

• Сите чинители во воспитно-образовниот процес редовно ќе го следат оценувањето и ќе се ангажираат во подигање на квалитетот на оценувањето на постигањата на учениците.

• Користејќи го оценувањето како дел од наставата и учењето наставниците подготвуваат портфолија кои содржат:

1. Трудови на ученици
2. Наставен нагледен час
3. Чек листа, бодовни листи
4. Тестови- оценети со пишана повратна информација
5. Готови продукти од ИКТ
6. Дневник за учење

• Оценувањето се однесува на секое програмско подрачје и наставен предмет од наставните планови и програми во основните училишта при што се применуваат соодветни методи за оценување.

• На состаноците на стручниот актив во училиштето ќе се работи на изедначување на критериумите при изработка на инструменти за писмено оценување на постигањата на учениците и рамномерно распоредување на писменото проверување и оценување во текот на учебната година.

### 16.2 Тим за следење, анализа и поддршка

Училиштето има формирано тим за следење на оценувањето и истиот го сочинуваат: Гордана Здравкоска-директор, Татјана Митева-психолог, Адријана Аџиева-замена педагог, Зорка Х. Трајков- наставник ментор, Сенка Б. Ѓозева-оддленски наставник. Следењето и вреднувањето на постигнувањата на учениците ќе се остварува според Правилникот за начинот на следење, проверување и оценување, полагање на испити и напредување на учениците во основното образование. Според тој правилник, предмет на оценувањето се постигнатите резултати во совладувањето на воспитно-образовните содржини, работните навики, заинтересираноста и ангажираноста на ученикот во училиштето.

За вреднување на трудот на учениците ќе бидат применети сите типови на проверка на знаењата: писмена проверка (преку изработка на писмени работи, тестови, наставни листови и сл.), усмено проверување на знаењата и комбинирано.

Следењето на постигнувањата во реализацијата на програмите, анализа на резултатите по одделни предмети, постигнувањата на секој ученик поединечно како и осознавање на состојби значајни за квалитетна реализација на наставните курикулуми ќе се врши на советите на паралелките. Следењето на напредувањето на учениците се следи како од наставниците така и од страна на стручната служба на училиштето и директорот.

Учебната година е поделена на четири класификациони периоди, кога се врши разгледување и анализирање на успехот, редовноста и дисциплината на учениците, која се согледува од дневниците кои се водат за секоја паралелка поодделно. Така се собираат податоци кои ја карактеризираат континуираноста на оценувањето, дидактичката разновидност на формите, методите и средствата за оценување, разработеноста на критериумите за оценување и се предлагаат мерки за развој и унапредување на наставниот процес во функција на подобрување на успехот.

### 16.3 Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

- Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

  - Во текот на месеците октомври-ноември и март-април, стручните соработници и директорот во своите програми имаат испланирано посети, опсервација на часовите со цел следење, вреднување на квалитетот на воспитно-образовниот кадар.

*Прилог бр.28 План за следење и вреднување на квалитетот на воспитно-образовниот работа во училиштето)*

### 16.4 Самоевалуација на училиштето

Последната Самоевалуација во нашето училиште е спроведена во месец декември во учебната 2022/23 година.

**Тим за самоевалиација:**

Гордана Здравкоска-координатор
Членови на комисија:

1. Татјана Митева – психолог
2. Магдалена Коцева- наставник по предметна настава
3. Билјана Соколова – наставник по одделенска настава
4. Даниела Ѓоргиева – родител

Училиштето на секои две години, согласно Законот за основно образование, спроведува самоевалуација на целокупната работа, изготвува извештај по спроведената самоевалвација по која се определуваат јаките и слабите страни и се даваат предлози за подобрување на работата. Во самоевалуацијата на училиштето се вклучени сите наставници кои работат во тимови поделени по подрачја.

Самоевалуацијата опфаќа седум клучни подрачја кои се однесуваат на главните аспекти од работата на училиштето и во секоја област работи посебна група наставници:

– Организација и реализација на наставата и учењето
– Постигања на учениците
– Професионален развој на наставниците, стручните соработници и раководниот кадар
– Управување и раководење
– Комуникации и односи со јавноста
– Училишна клима и култура
– Соработка со родителите и локалната средина

## 17. БЕЗБЕДНОСТ ВО УЧИЛИШТЕТО

Училиштето во соработка со МВР се грижи за безбедноста на учениците. Се одржуваат предавања за безбедно доаѓање и заминување на учениците од почетните одделенија, предавања за опасностите од користењето на пиротехнички средства, и обезбедена е соработка со дежурен полицаец кој патролира на реонот во кој припаѓа нашето училиште .Формиран е тим во училиштето кој изготви план за движење при евакуација.Реализирана е едукација на вработените од стручно лице од Против пожарната единица за евакуација при пожар.Училиштето има инсталирано видео надзор.

*Прилог бр. 30 Програма за безбедност во училиштето*

## 18. ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО

### 18.1. Хигиена во училиштето

**Реализирајќи ја програмата на училиштето за здравјето на учениците, за здравствена заштита и здравствено воспитување ќе се допринесе во изградувањето на здрава личност (психички, физички и социјално), способна да се грижи за своето здравје, здравјето на своето семејство и здравјето на поблиската околина.**

Посебно внимание ќе се обрне на одржувањето на хигиената во училиштето. Редовно ќе се чистат училишните простории и училишниот двор, а ќе се организираат и акции во кои ќе бидат вклучени и учениците со цел на подигнување на свеста кај учениците за околината. Одржувањето на хигиената ќе го вршаат хигиеничари кои ќе користат средства што се еколошки безбедни и кои нема да ја загадуваат околината.Со особена посветеност и внимание уште на првиот училишен ден ќе се изврши едукација за значењето на хигиената, особено на колективната хигиена, како основна мерка за спречување на ширењето на заразни болести, како што се жолтицата и сипаницата.

### 18.2. Систематски прегледи

Сите ученици од прво, трето, петто, седмо и деветто одделение ќе бидат опфатени со систематски прегледи во термини кои ќе бидат одредени во соработка со медицинските лица од Здравен Дом - Радовиш. Учениците ќе бидат придружувани од раководителот на паралелката или лице од стручната служба и ќе се спроведат без попречување на наставата, односно пред или по завршувањето на наставата. Децата од училишна возраст се посебна популациона група која се карактеризира со интензивни физички, психолошки и социјални промени, што ги прави исклучително ранливи на неповолните ризик фактори од околината. Промените во правец на стекнување поголема независност придружено со склоноста кон експериментирање со нови животни стилови и активности, креираат нови здравствени ризици поврзани во прв ред со однесувањето. Покрај систематскиот преглед, превентивниот тим врши и едукација на учениците, наставничкиот кадар, родителите/старателите преку предавања и работа во мала и голема група избирајќи теми според утврдените приоритети и според изборот на учениците. При систематскиот преглед се врши и редовна имунизација против заразни заболувања според Календарот за имунизација на Република Северна Македонија.
Целта на систематскиот преглед е:
-Следење на физичкиот и психосоцијалниот развој,
-Рана детекција на здравствени проблеми и навремен третман,
-Рано препознавање на ризични видови на однесување
-Детекција на бихејвиорални ризици,
-Едукација за усвојување на здрави животни стилови,
-Едукација за важноста на навремената и целосна вакцинација. Возраст на вршење на систематски прегледи:
Задолжителни систематски прегледи се вршат во I, III, V, VII одделение.

### 18.3. Вакцинирање

Со календарот за имунизација и вакцинација ќе се реализира вакцинација на сите ученици кои се опфатени во оваа рамка и кои ќе добијат покана. Вакцинацијата ќе се спроведе во Здравствениот Дом - Радовиш, а учениците ќе бидат придружувани од родителите.

| Возраст на деца кои подлежат на имунизација | Болест против која се врши Вакцинација | Вакцинација/ Ревакцинација |
|---|---|---|
| 6 години ( I одд)<br>7 години ( I одд) | МРП | I. Ревакцинирање |
| | Д-Т-адултна | II. Ревакцинирање |
| | ПОЛИО | III. Ревакцинирање |
| 12 години (VII одд.)<br>14 години (VIII одд.) | ХПВ | II. Ревакцинирање |
| | Рубеола (само женски деца - 1 доза) | II. Ревакцинирање |
| | Д-Т-адултна | III. Ревакцинирање |
| | ПОЛИО | IV. Ревакцинирање |

### 18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата

Во училиштето не постои организиран оброк, односно учениците храна си носат од дома или купуваат од блиските продавници.
Училиштето во текот на учебната година планира да реализира активности и работилници на тема здрава храна: „Здрава храна за детство без мана”, “Умерена и разновидна исхрана“, кои ќе ги спроведат стручни лица-нутриционисти. Истите имаат за цел да ја подигнат свеста и кај учениците и кај родителите, за потребата од консумирање на здрава храна, како и создавање свесни генерации кои ќе останат имуни на брзата и нездрава храна. За вклучување на сите ученици во кампањата предвидени се работилници за изработка на рецепти, презентации, изработување на ликовни и литературни творби на теми за здрава исхрана. Дел од активностите ќе се реализираат во рамките на изборниот предмет вештини за живеење, а дел преку воннаставните активности.

## 19. УЧИЛИШНА КЛИМА

### 19.1. Дисциплина

Училиштето има изградено углед кој е препознатлив по квалитетот на работа и постигањата на учениците, благодарение на тоа што води грижа за остварување на својата мисија и визија, водејќи сметка за целосната секојдневна дисциплина на учениците, а со тоа ја обезбедува и безбедноста на учениците во училиштето. Училиштето има кодекс на однесување кој се однесува на сите структури: ученици, вработени (наставници, стручни соработници, технички персонал) и родители. Кодексот на однесување е донесен и прифатен преку спроведена демократска процедура со партиципација на сите структури поодделно. За непочитување на кодексот на однесување се пропишани соодветни процедури по кои се постапува

зависно од прекршување на правилата на однесување. Постои взаемно почитување меѓу сите структури во училиштето. Наставниците преку меѓусебна професионална соработка, како и соработка со раководниот кадар и стручните соработници ја одржуваат позитивната училишна клима и атмосфера која делува поттикнувачки на учениците. Однесувањето на вработените и учениците е соодветно на пропишаните правни акти во Кодексот на однесување на училиштето. Вработените се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците, како за време на часовите и за времена одморите, така и при приемот и заминувањето на учениците од училиште. Постои распоред за дежурства на наставниците во ходниците, училниците, дворот и санитарните јазли и секојдневна евиденција за тековните збиднувања. Во случаи на непочитување на правилата на однесување се постапува соодветно Правилникот за изрекување педагошки мерки , пропишан со Законот за основно образование и Интерниот правилник на училиштето. Со цел одржување на позитивна училишна клима, ќе бидат вклучени сите училишни субјекти, како и родителите.
*Прилог бр.31 План за подобрување на дисциплината*

## 19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Училиштето како воспитно-образовна институција меѓу другото има за задача да ја развива и негува естетската компонента на сите влучени субјекти во училиштето. За таа цел одговорноста за оддржување на естетското и функционалното уредување на просторот е заедничка за сите. Исто така во училиштето функционираат и слободните ученички активности со кои ќе се создадат услови за задоволување и негување на индивидуалните интереси и способности на учениците, а во интерес на уредувањето и одржувањето на просторот и опкружувањето на училиштето. Такви се ликовната секција и секцијата на млади биолози. Во училишниот двор, се одржуваат зелените површини, се засадуваат садници и цвеќиња, се одржуваат поставените клупи. Тоа е грижа на сите вработени кои во определени периоди на учебната година преку организирани акции заедно со учениците придонесуваат за убавиот изглед на училиштето.
*Прилог бр. 32 : План за естетско и функционално уредување на просторот и опкружувањето на училиштето.*

## 19.3. Етички кодекси

За ефикасно работење и спроведување на воспитно –образовниот процес, училиштето има изработено Кодекси за однесување на сите субјекти во училишниот живот ( Кодекс за однесување на учениците, Кодекс за оденсување на вработените, Кодекс за однесување на родителите), како и Куќен ред на училиштето кој е поставен на видно место.
*Прилогбр. 33 : Кодекс за оденсување на ученици, наставници и родители(во училиштето и училишниот двор)*

### 19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето

Во училиштето постои конструктивна комуникација помеѓу сите структури во него (Директор, Училишен одбор, Совет на родители, Ученичка заедница, Стручни активи).Таа комуникција се темели на вистински вредности и принципи кои помагаат за подобрување на училишната клима и односите во него. Одговорните на сите структури го сочинуваат тимот кој ќе се грижи за надминување на евентуалните негативни појави во однос на училишната клима, изготвувајќи предлог мерки за нејзино подобрување. Со цел подигнување на квалитетот на комуникацијата и меѓусебната доверба и соработка , вработените во училиштето, како и досега, ќе остваруваат формални и неформални средби, односно ќе се организираат заеднички прослави, екскурзии, свечености, посети и сл. Како и секоја учебна година училиштето ќе организира заеднички средби и прослави по повод: Ден на училиштето, Нова година – 31 декември, Ден на жената – 8 март, полуматурска прослава – јуни, екскурзии за учениците и наставниците.
Тим за анализа на комуникацијата на структурите во училиштето:

1. Гордана Здравкоска-Директор
2. Марија Валакова-Училишен Одбор
3. Даниела Ѓоргиева - Совет на родители
4. Татјана Ѓозева -Ученичка заедница
5. Соња Митева - општествено-јазичен актив
6. Јулија Ефтимова-природно- математички актив
7. Светлана Чапова -одделенски актив

## 20. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВНИОТ КАДАР

### Општи карактеристики на професионалниот развој на наставниците

Професионалниот развој на наставниците е есенцијален ако сакаме технологијата која е обезбедена во училиштата ефикасно да се користи. Дизајнирањето и имплементирањето на успешна програма за професионален развој не е ниту лесно ниту евтино.

Кога се дизајнира или имплементира било каква програма за професионален развој на наставници, многу е важно да се позиционира таа програма внатре во контекстот на теоретската рамка за учење на возрасни.

Можеби најважно за целта на професионалниот развој на наставниците, технологијата повлекува поместување на улогата на наставниците од позиција на единствен извор на знаење и поучување кон станување на фасилитатор - олеснувач на ученичкото учење (знаење) што се стекнуваат од повеќе извори. Последново се однесува на придвижување од **"мудрец на сцената кон водач од страна"**.

Професионалниот развој на наставниците би требало да ги вклучи и моделира формите на педагогија кои наставниците можат да ги употребуваат во нивните училници. На пример, тие програми би требало да ги постигнат следното:

- ✓ Им овозможува на наставниците да ги развијат сопствените знаења и вештини активно и искуствено (емпириски), во различни околини за учење како индивидуално така и колаборативно
- ✓ Вклучуваат различни стратегии за учење кои вклучуваат директно поучување, дедуктивно заклучување (дедукција), дискусии, индукција и споделување
- ✓ Се стремат кон вештините за размислување од повисок ред.
- ✓ Обезбедување на автентична околина за учење за да можат наставниците да се вклучат во конкретни задачи со реални сценарија.
- ✓ Ги нагласува начините на кои технологијата може да го фасилитира - олеснува и засили професионалниот живот на наставниците
- ✓ Ги охрабрува наставниците да бидат ментори, тутори и водачи на процесот на учење на учениците (наместо едноставно да бидат презентери на знаење и информации)
- ✓ Развивање на вештините на наставниците за учењето како да се учи - леарнинг хоw то леарн (дефинирање на цели на учењето, планирање и евалуација на стратегиите на учење, го набљудуваат напредокот и ги прават исправките ако е потребно)
- ✓ Промовираат колаборативно и кооперативно учење;
- ✓ Да биде сензитивна (осетлива) на културата и различностите на наставниците како ученици, користејќи повеќе апстрактен пристап како одговор на различните стилови на учење, можностите, опкружувањето и почетните позиции
- ✓ Овозможува учење независно од времето и местото

Професионалниот развој би требало да ги вклучи следните основи - фундаментални компоненти за кои истражувањата покажале дека се основни - есенцијални, меѓу нив се:

- Директно поврзување со она што го учат учениците. ***Целта на програмата за професионален развој*** е да са зголемат - подобрат постигнувањата на учениците
- Практична употреба на технологијата. Последново побарува развивање на суштинските технолошки компетенции и вештини споменати претходно и вистинска примена на тие вештини во училниците
- До најголеми можни граници, наставниците треба да ги видат директните врски помеѓу технологијата и курикулумот за кои што наставниците се одговорни при реализацијата.
- Нови улоги на наставниците, како фасилитатори и водачи наместо само како предавачи и инструктори.
- Активна партиципација на наставниците и колегијално учење.
- Професионалниот развој како континуиран процес.

## 20.1 Детектирање на потреби и приоритети

Секој наставник во својот личен план за професионален развој наведува во која област има потреба од конкретна обука и при анализа на севкупните потреби воспитно-образовниот кадар се детектираат приоритетите за следната учебна година. Приоритетните обуки ќе се реализираат преку:

- Индивидуално стручно усовршување преку следење на стручна литература и списанија (Просветно дело, Просветен работник, Образовни рефлексии и Воспитни крстопати)
- Екстерно стручно усовршување преку учество на семинари, советувања во организација на Бирото за развој на образованието и др.институции
- Интерно стручно усовршување преку интерни обуки, десеминација и работата на стручните активи во училиштето.
- Стручно усовршување на наставник-приправник преку менторство со примена на Акционен план за менторство.
- Стручно усовршување преку реализирање на програмата на стручните активи

Согледувајќи ја националната програма за развој на образованието, последната направена самоевалвација и насоките на МОН и основачот неминовно ги наметнуваат потребите самите наставници да се свртат еден кон друг, како непосредна помош за сопствен и колегијален развој. Секој наставник преку сопствениот актив непосредно ги изнесува личните потреби за професионален развој кои потоа по хоризонтала и вертикала се проследуваат.

Во нашето училиште постои тим за професионален развој на наставниците во состав директор, стручна служба, претседатели на активи, претставници на УО (еден родител и неговиот претседател)

## 20. 2 Активности за професионален развој

1.Изработка на акциони планови за сите облици на професионален развој

- Обуки од секаков облик
- Семинари (во училиштето и надвор од него)
- Работилници на најразлични теми поттикнати од потребите на наставниците заради одредени констатирани пропусти

2.Задолжителна дисеминација

3.Задолжително изработка на извештаи пропратени со евалвација на секој облик од каде ќе произлегуваат и наредните облици на професионален развој

4.Програма за работа на Стручниот актив на одделенска и предметна настава за учебната 2024/2025

## 20.3 Личен професионален развој

Секој наставник задолжен за водење на сопствено професионално досие за чија контрола задолжени се директорот, стручните соработници, инспекторите од ДПИ, општинскиот просветен инспектор.
Секој наставник треба да е мотивиран за постојано посетување на разни семинари, обуки, конференции, регионални средби заради стекнување на нови искуства, сертификати.
Секој наставник треба пред почетокот на секоја година да има сопствен план за професионален развој но поради немање на листа на провајдери (понудувачи) на вакви обуки и нивниот не постојан облик кој не е претходно најавен не ни може и однапред да се планира па затоа истите се приморени тековно тоа да го прават преку целата година. Во училиштето се планира поединечно следење на напредувањето на наставниците и нивното вреднување преку работата на тимот за “Професионален развој на наставниците во училиштето“ како и водење на педагошки картон за наставниците. За таа цел наставниот кадар, стручните соработници и Директорот, посетија обука за оваа проблематика. По добиените сознанија присутните ги идентификуваа слабите и јаките компетенции и секој од нив изработи Личен план за професионален развој, така што компетенциите се имплементираа во Планирањата на стручните активи на училиштето. Преку работата на тимот за “Професионален развој на наставниците во училиштето“, ќе се координира работата на стручните активи и унапредувањето на компетенциите на наставниот кадар, стручните соработници и Директорот. Изборот на најдобар наставник во тековната учебна година се врши согласно правилникот за наградување на наставници кој е посебен документр и стои архивиран во архивата на училиштето.

## 20.4 Хоризонтално учење

Еден од начините на професионален развој во училиштето е хоризонталното учење (наставниците учат едни од други ) и подразбира различни видови на организирано и планирано пренесување на знаењата и размена на професионалните искуства , внатре во училиштето, како и помеѓу повеќе училишта. За хоризонталното учење е посебно важна тимската работа во училиштето која овозможува создавање и развивање нови идеи и поголема продуктивност на секој поединец.
Главен акцент оваа година ќе се постави на размената на професионално искуство преку размена, разгледување на видео снимки на различни делови и аспекти кај учениците и делови од курикулум, и особено интеграција на повеќе предмети. Кој делови ќе се разгледуваа и кои ќе се снимаат се определуваат со програмите на активите кои ќе станат дел од годишната програма.

## ПРЕПОРАКИ

Целта на овие препораки е истите да бидат што е можно попрактични, и за таа цел истите претставуваат низа од препораки кои се насочени кон оние наставници кои сакаат да ги унапредат нивите вештини и знаења во нивните училници:

- Бидете критични. Не прифаќајте ја технологијата на слепо ниту пак прифатете дека таа преставува универзален лек за се кои ќе ги реши сите ваши проблеми.

- Правете рефлексија на сопствениот начин на предавање. Ако одите надолу по погрешен пат, технологијата ќе ве одведе таму уште побрзо.

- Барајте можности за обука како и време од администраторите (администрацијата) за учење како да се користи технологијата, особено Интернетот. Без разлика дали се работи за формални работилници за професионален развој, или за прирачник наменет за учење со сопствено темпо или инволвирање во искуствено учење.

- Придружете се на различни друштва (заедници) на наставници. Овие заедници можат да опфаќаат уште една личност од истото училиште, 25 наставници од околните училишта или огромна мрежа од онлине наставници од целиот свет кои ги споделуваат нивните искуства, фрустрации, планови за наставни часови, охрабрувања, проблеми како и нивни решенија.

- Бидете спремни (расположени, подготвени) да бидете ученици уште еднаш. Наставниците треба да препознаат дека нивната желба/потреба да учат нови вештини или некое ново знаење (умеење) значи учење од други, без разлика дали тоа доаѓа при работата со нивните ученици, професионални тренери (обучувачи) или други наставници. Потребна е трпеливост за да се научат нови техники, и истите да се применат во ограничени размери во нивните училници, и да се прифатат коментари/сугестии од другите.

Бидете силни, имањето на ученици кои користат компјутери и Интернет не значи дека улогата на наставникот по полека исчезнува (се намалува), напротив, новата улога на наставникот побарува да прави различни проекции, во насока на учењето на учениците, притоа инсистирајќи учениците да прават рефлексии на нивното сопствено учење и напредок, да прават евалуација (да ги оценуваат) информациите од Интернет, да развијат вештини за објаснување (резонирање) на информациите а не само на нивно меморирање, и се здобиваат со подлабоко разбирање на соодветниот предмет.

## 21. СОРАБОТКА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ СО РОДИТЕЛИТЕ /СТАРАТЕЛИТЕ

### 21.1 Вклученост на родителите во животот и работата на училиштето

Училиштето постојано е отворено за соработка со родителите како за информирање на родителите така и за нивна вклученост во организирањето и донесувањето на одлуки во работата на училиштето преку Советот на родители и нивно вклучување во проектните активности.

Училиштето им дава можност на родителите да се вклучат во воспитно-образовниот процес на нивните деца и животот и работата на училиштето преку организирање на редовни и индивидуални родителски средби, отворен ден за прием на родители, вклучување во Советот на Родители на ниво на паралелки, одделенија и на ниво на училиште и Училишниот одбор. На родителските средби, родителите се запознаваат со успехот и поведението на учениците во изминатиот период, со проблемите со кои се соочува секој ученик посебно и се даваат насоки и сугестии за понатамошно подобрување на успехот. Во текот на учебната 2024/2025 година се планирани најмалку пет редовни родителски средби од кои три во прво и две во второ полугодие.Со свои предлози и лично вложување родителите учествуваат во организизација на забави, хепенинзи, екскурзии и други манифестации.

Совет на родители се избира од редот на родителите на учениците кои не се вработени во училиштето.Членовите на Советот на родителите се бираат од страна на родителскиот одбор од секоја паралелка, а тројца од родителите се делегираат како претставници во Училишниот одбор.

*Прилог бр. 35: Програма за соработка на училиштето со родителите / старателите*

### 21.2 Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и вонnаставните активности

**Во животот и работата на училиштето** Советот на родители по претходно изготвена програма за работа, ги детектира состојбите во училиштето од типот на потребни дефекти и поправки на инвентарот и подобрување на условите за работа, дава сопствени идејни планови за организирање на активности во училиштето. Исто така Советот на родители ги поттикнува родителите да учествуваат во донесување решенија и одлуки во интерес на сите субјекти во училиштето и реализација на истите.

**Во процесот на учење** родителите и покрај тоа што се вклучени со нивните мислења и сугестии за дополнување и измени на секаков вид планирања, даваат поддршка на наставниците за олеснување на работата со ученици со потешкотии во развојот и посебно ја поддржуваат соработката за напредување на учениците-

таленти ( професионална и стручна помош од страна на родителите за истите). Семејствата исто така помагаат во прибирање на дидактички материјали, помагала и други наставни средства и материјали. Им даваат поддршка на реализаторите за иновирање во наставата и помагаат при професионалната ориентација на учениците.

**За активностите во училиштето** родителите даваат иницијативи за поуспешна реализација на слободните ученички активности и другите вонннаставни активности, натпревари, екскурзии, приредби, манифестации, промоции и др.

**За поголема вклученост на семејството во училиштето,** Родителите постојано и континуирано непосредно се вклучуваат во училиштето во секој сегмент, па и во учењето. Преку родителските средби, индивидуални средби, состаноците со Советот на родители и Училиштниот одбор редовно се информираат за наставниот процес од страна на директорот, наставниците, стручната служба и од нивните деца. Во програмите за соработка со родителите од одделенските раководители и во програмите од стручната служба предвидена е соработка и поддршка од родителите за олеснување на работата со ученици со потешкотии во развој и за напредување на учениците–таленти. Предвидена е и соработка и помош од родителите во прибирање на дидактички материјали, помагала и други наставни средства и матерјали. Вклучени се и при професионалната ориентација на учениците. Се предвидуваат повеќе активности со цел да се подобри соработката на училиштето со родителите и поголемо вклучување во животот и работата на училиштето. Такви активности се следните:

- одбележување на Денот на Училиштето,
- новогодишна приредба во училиштето;
- уредување на просторот околу и во училиштето;
- еко–акции. -спортски игри
-велигденски хепенинг

Се предвидува вклучување на родителите во спортските активности на учениците, натпревари со учество на ученици, наставници, учество на приредби организирани од Тимот за културно забавен живот; учество во тендери за организирани екскурзии; учество во разни манифестации и промоции на училиштето, работилници, базари, хепенинзи, натпревари, прослави, приредби, нагледни активности во рамките на различни наставни предмети и др. Организира советодавно- консултативни работилници-индивидуални и групни, посета на семејства и др.

### 21.3 Едукација на родителите/старателите

Родителите како значаен партнер на училиштето се вклучени во сите сегменти на воспитно-образовниот прцес. За таа цел училиштето организира и спроведува советување на родителите, работилници, обуки, дебати и сл. Сите овие активности придонесуваат за унапредување на воспитните компетенции на родителите а

соодветно на тоа и оптимално искористување на потенцијалите и можностите на учениците.

## 22. КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА И ПРОМОЦИЈА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

**Цел:**

Поуспешно остварување на програмата на училиштето. Преку различни активности, манифестации, акции и презентирање на резултатите од работата училиштето ќе ја продолжи соработката со локалната средина. Соработката претставува активно вклучување на училиштето во средината во која е лоцирано преку разновидни форми на соработка за подобрување на квалитетот на животот во заедницата. Ќе се решаваат заеднички проблеми на локалното ниво, со што се развива локалната заедница во секој поглед на културно и образовно ниво. Училиштето ќе се вклучува и во решавање на евентуални комунални проблеми, а посебно ќе се стреми со локалното население да го уреди дворот и околината на училиштето

**Локална заедница (локална самоуправа, бизнис заедница, местно население..)**

Соработката со локалната заедница ќе се остварува преку повеќе форми на работа, електронски, усно и ќе пристапиме кон реализирање на активностите кои ќе ги понуди истата. Во прилог на оваа програма има и програма за соработка со локалната средина и заедница.

**Институции од областа на културата**

Сите конкурси и покани за натпревари кои стигнуваат во нашето училиште, ќе бидат доставени до одговорните наставници и истите ќе бидат спроведени преку учество на учениците. Ликовните и литературните изложби, споменици и други установи ќе бидат посетени според потребите на наставата и по избор на предметниот или одделенски наставник. Кино и театарските претстави ќе ги организираме исто така според потребите на наставата со избор на кино или театарска претстава од страна на одговорните наставници и соодветно на возраста на учениците.

**Институции од областа на образованието**

Континуирано во текот на целата учебна година ќе се одвива соработка со :

• БРО, МОН, Секторот за основно образование како дел на општината заради непречено одвивање на образовниот процес, размена на информации, доставување на разни извештаи, помош во работењето и слично.

• Детските градинки заради превземање ученици за прво одделение

• Основните училишта од општината и пошироко, заради размена на информации и искуства и взаемна помош во работата.

• Факултети, заради стручно усовршување, организирање натпревари, семинари и советувања.

• Инспекторат за основно образование, заради утврдување на правилноста во работењето.

**Невладини организации**

Во текот на учебната година Училиштето ќе биде отворено за соработка и со невладини организации како што се: Детска амбасада, СОС-центри, Младински културни центри, еколошки друштва и др.

**Спортски друштва**

Во текот на учебната година Училиштето ќе ја продолжи соработката со ФК „Детонит“ и други спортски друштва во кои членуваат нашите ученици.

**Здравствени организации**

Заради грижа за здравјето и безбедноста на учениците и вработените, училиштето во учебната 2024/25 година ќе соработува со следните здравствени организации:

1. Здравен дом -Радовиш
2. Стоматолошка ординација и ординација за вакцинација
3. Центар за социјални работи
4. Фонд за здравство
5. Осигурителни компании и др.

Општинското основно училиште во текот на учебната 2024/25 година со цел да го промовира училиштето за организираните и реализираните активности ќе соработува со локални, регионални и државни медиуми : телевизиски и радио станици, пишани и интернет медиуми. За таа цел во прилог ја даваме следната табела:

**План за соработка со медиуми во учебната 2024/2025 учебна година.**

| Медиуми | Активности | Лице за контакт |
|---|---|---|
| ТВ КОБРА, други регионални и национални медиуми<br><br>Веб страна на училиштето, фб стграна на училиштето. | 1. Почеток на учебната година -Прием на децата во 1-во одделение -Детските смотри -Панаѓурот на ученички изработки -Денот на училиштето<br>2. Стекнати сертификата на воспитно образовниот кадар<br>3. Секој успех на учениците или секциите<br>4. Презентирање на секој добиен проект<br>5. Презентирање на секое организирано стручно усовршување во училиштето<br>6. Прославата на празниците и др.<br>7. Месечна презентација на активностите во училиштето<br>8. Интернет презентација на сите активности за работата на училиштето | Директор, Магдалена Коцева, Билјана Наунов |

Презентацијата на училиштето и неговите активности исто така ќе се реализира и преку:

- Пишани материјали наменети за родителите на почетокот на учебната година;
- Пишани материјали за родителите во кои се презентирани целите и задачите на наставните предмети;
- Издавање на Брошура за родителите на почетокот од учебната година;
- Полугодишни и Годишни извештаи за работата на училиштето наменети за потребите на;
- Советот на родители, училишниот одбор и локалната самоуправа;
- Напатствија за родителите и учениците при изведувањето на наставните екскурзии.

## 23. СЛЕДЕЊЕ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА НА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

| Приоритетни подрачја за следење | Начин и време на следење | Одговорно/ни лице/а | Кој треба да биде информиран за следењето |
